КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!

www.kbprvo.com.mk

## Март 2022



# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ДВИЖЕЊА

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е
Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)
www.mapas.mk 02/3224-229

# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

После падот во претходните два месеци глобалниот акциски индекс MSCI ACWI во текот на месец март се зголеми за 1,94%. Најголем раст во текот на месецот имаа американските акции (мерени преку S&P 500 индексот) со раст од 3,58%, а пад имаа акциите од земјите во развој (мерени преку MSCI Emerging Market индексот) и акциите во Азија-Пацифик регионот (мерени преку MSCI Asia - Pacific индексот). Од почеток на годината сите региони имаат пад на вредностите на индексите, при што најголем пад имаат акциите од земјите во развој, а најмал пад имаат американските акции.




MSCI ASIA - PACIFIC - Индекс кој ги следи движењата на акциите во 14 земји од регионот Азија-Пацифик
MSCI EMERGING MARKET - Индекс кој ги следи движењата на акциите во 26 земји во развој
STOXX 600 - Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)
S&P 500 - Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација
MSCI ACWI - Светски индекс на акции кои ги следи цените на акциите во 49 држави
*Извор: Блумберг*


**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**
www.kbprvo.com.mk

# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ

Во текот на месецот вредноста на МБИ 10 индексот се зголеми за 4,78%. Најголем раст во текот на март имаа акциите на Макпетрол со раст од 7,75%, Гранит со раст од 7,86% и Комерцијална Банка со раст од 7,53%, а најголем пад во текот на месецот имаа акциите на Македонија Турист со пад од 2,13%.  Од почеток на годината најголем раст имаа акциите на Комерцијална Банка и Стопанска Банка Скопје, а најголем пад имаа акциите на Гранит и Макпетрол.






*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ

Континуирано високата стапка на инфлација и постепеното затегнување на монетарната политика на  централните банки доведе до раст на приносите споредено со нивото на почетокот на годината. На крајот на месецот, највисок принос од анализираните обврзници имаа македонската со принос од 4,03%, додека јапонската десетгодишна обврзница има најнизок принос од 0,22%.






**Приносот се однесува на евро обврзница со датум на доспевање со 03/10/2028*
*Извор: Блумберг*


**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**
www.kbprvo.com.mk

# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ

После големиот пад во претходниот месец, руската рубља (RUB) во текот на месец март со раст од 30,59% во однос на еврото, врати голем дел од изгубената вредност. Во текот на месецот пад на вредноста во однос на еврото имаа јапонскиот јен (JPY) и британската фунта (GBP). Од почеток на годината, најголем пад на вредноста имаат руската рубља (RUB) со пад од 5,13% и јапонскиот јен (JPY) со пад од 2,80%, а најголем раст имаат австралискиот долар (AUD) и американскиот долар (USD) со раст од  5,82% и 2,76% соодветно.

Движење на светските валути во однос на еврото (EUR)




*Извор: Блумберг*